## Проектот "Читанка на поновата историја на ЈИЕ"

# Со историјата трпеливо

Во Белград беше претставен проектот "Читанка на поновата историја на ЈИЕ", што ја подготвија историчари од 11 земји. Покровител на проектот е Центарот за демократија и помирување во ЈИЕ, невладина организација со седиште во Солун. Еве што вели за проектот шефот на тимот историчари, Кристина Колури: "Читанката на поновата историја на ЈИЕ ќе понуди поинаков поглед на историјата и во неа ќе бидат вклучени гледиштата на сите балкански земји, изјави Кристина Колури, водач на меѓународниот тим историчари кои ја составуваат читанката.

Тимот, овој викенд во Белград, ја почна работата на читанката на поновата историја на ЈИЕ која ќе се обиде да понуди "мултиперспективен" поглед врз минатото на овие земји. "Тоа нема да биде единствена историја, туку заедничка, во која се слушаат гласовите на сите луѓе", изјави Колури. Стручњаците треба да соберат изворно градиво од своите земји за четири историски теми: Отоманското царство, Балканските војни, Втората светска војна и создавањето на државите во регионот. Ние ги избравме тие теми зашто ги има во сите историски учебници во овој регион.

Сигурно постојат и други теми, кои за некои земји се можеби поважни, но во другите земји пак ги нема. Затоа се решивме за овие четири". Читанката, која треба да биде преведена на 10 јазици и да биде наменета за учениците и за професорите во средните училишта, ќе ја опфаќа историјата на Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Кипар, Грција, Романија, Словенија, Турција и на Југославија. Колури нагласува дека читанката ќе биде алтернативна, а не официјална, и дека ќе биде бесплатна.

Работата треба да биде завршена за година и пол. "Ќе се обидеме како историчари да бидеме искрени, иако луѓето ќе отфрлат некои теми, но се надеваме дека нема да има критики на квалитетот на работата. Со историјата мора да бидеме трпеливи. Таа е долгорочна инвестиција", смета водачот на меѓународниот тим историчари кои ја составуваат читанката, Кристина Колури.